**ОПШТИНА ШТИП**

MCS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-5376/3*
*31.10.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 Штип со Одлука бр. 08-687/1 од 26.01.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.15), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета**

**по изготвен**

**Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 01.03 од ГУП на град Штип, Општина Штип** (плански опфат: на запад по осовина на улица „Кирил и Методиј" и дел од улица „Иво Лола – Рибар", на север по осовина на улица „Иво Лола - Рибар", на исток по осовина на улица „Стојан Рибата" и дел од улица „Вера Цirивири - Трена" и на југ по осовина на дел од река „Отиња" Општина Штип)

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- на запад по осовина на улица „Кирил и Методиј" и дел од улица „Иво Лола - Рибар",
- на север по осовина на улица „Иво Лола - Рибар",
- на исток по осовина на улица „Стојан Рибата" и дел од улица „Вера Циривири - Трена"

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 6.35ха.



Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен **Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 01.03 од ГУП на град Штип, Општина Штип** (плански опфат: на запад по осовина на улица „Кирил и Методиј" и дел од улица „Иво Лола –Рибар", на север по осовина на улица „Иво Лола - Рибар", на исток по осовина на улица „Стојан Рибата" и дел од улица „Вера Циривири - Трена" и на југ по осовина на дел од река „Отиња" Општина Штип) ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на 4 ноември 2024 год (понеделник) и истиот ќе трае до 18 ноември 2024год (понеделник).

Јавната анкета и јавната презентација за **Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 01.03 од ГУП на град Штип, Општина Штип** (плански опфат: на запад по осовина на улица „Кирил и Методиј" и дел од улица „Иво Лола –Рибар", на север по осовина на улица „Иво Лола - Рибар", на исток по осовина на улица „Стојан Рибата" и дел од улица „Вера Циривири - Трена" и на југ по осовина на дел од река „Отиња" Општина Штип) ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 19 ноември 2024 (вторник) до 18 декември 2024 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 3 декември (вторник) 2024 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во спомenатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, дид*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*



Scanned with CamScanner